АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 109117

05. 06 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 28.05.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Електротехника и информациски технологии", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Електротехника и информациски технологии", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св, Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по електротехника, електроника и информациско инженерство /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Science on electrical engineering, electronics and information engineering.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.02 Електротехника, електроника и информациско инженерство, Научно - истражувачко област: 2.02.00.01 Електрични кола и процесирање на сигнали, 2.02.00.02 Електрични машини, трансформатори и апарати, 2.02.00.03 Електрични мерења и инструментација, 2.02.00.04 Електрични централи и разводни постројки, 2.02.00.05 Електроенергетика, 2.02.00.06 Електроенергетски мрежи и системи, 2.02.00.07 Електромагнетика, 2.02.00.08 Електромашинство, 2.02.00.09 Електромоторни погони и автоматизација, 2.02.00.10 Електроника, 2.02.00.11 Електротермија и електрични возила, 2.02.00.12 Електротехника, 2.02.00.13 Енергија, екологија и одржлив развој, 2.02.00.14 Компјутерски технологии и инеженерство2.02.00.15 Компјутерско инженерство, информатика и роботика, 2.02.00.16 Контрола на квалитет, 2.02.00.17 Метрологија, 2.02.00.18, Мехатроника, 2.02.00.19 Обновливи извори на енергија, 2.02.00.20 Проектирање и менаџмент во електроенергетиката, 2.02.00.21 Системско инженерство, автоматика и роботика, 2.02.00.22 Телекомуникациско и информациско инженерство, 2.02.00.23 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Владимир Атанасовски проф. д-р Весна Борозан, проф. д-р Маргарита Гиновска, проф. д-р Димитар Димитров, проф. д-р Владимир Димчев, проф. д-р Зоран Ивановски, проф. д-р Атанас Илиев, проф. д-р Тони Јаневски, проф. д-р Љупчо Карацинов, проф. д-р Венцеслав Кафениски, проф. д-р Перо Латкоски, проф. д-р Крсте Најденкоски, проф. д-р Борислав Поповски, проф. д-р Катерина Ралева, проф. д-р Горан Рафајловски, проф. д-р Александар Ристески, проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Миле Станковски, проф. д-р Димитар Ташковски, проф. д-р Мирко Тодоровски, проф. д-р Јосиф Ќосев, проф. д-р Рубин Талески проф. д-р Вангел Фуштиќ, проф. д-р Зоран Хаџи-Велков, проф. д-р Гога Цветковски, проф. д-р Антон Чаушевски, проф. д-р Снежана Чундева, проф. д-р Марија Чундева-Блајер, проф. д-р Влатко Стоилков, проф. д-р Катерина Хаџи-Велкова Санева, проф. д-р Весна Андова, проф. д-р Марко порјазоски, проф. д-р Лилјана Гавриловска, проф. д-р Леонид Грчев, проф. д-р Георги Димировски, проф. д-р Михаил Дигаловски, проф. д-р Марија Календар, проф. д-р Маре Србиновска проф. д-р Живко Коколански, проф. д-р Софија Николова-Поцева, проф. д-р Бранислав Геразов, проф. д-р Томислав Карталов, проф. д-р Александра Крколева Матеска, проф. д-р Весна Ојлеска Латкоска, проф. д-р Лихнида Стојановска-Георгиевска, проф. д-р Јовица Вулетиќ, проф. д-р Валентин Раковиќ, проф. д-р Томислав Шуминоски, проф. д-р Даниел Денковски, вон. проф. д-р Христијан Ѓорески, вон. проф. д-р Данијела Ефнушева, вон. проф. д-р Андријана Кухар, вон. проф. д-р Ивана Фабијаниќ Сандева, вон. проф. д-р Петар Крстевски, вон. проф. д-р Горјан Нацински, вон. проф. д-р Јорданчо Ангелов, вон. проф. д-р Марија Марковска Димитровска, проф. д-р Сања Атанасова, проф. д-р Славче Пејоски проф. д-р Невенка Китева Роглева, вон. проф. д-р Маја Целеска Крстевска, вон. проф. д-р Горан Јакимовски, вон. проф. д-р Благоја Марковски.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 08-1985/3 од 30.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Електротехника и информациски технологии“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св, Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-1985/5 од 30.12.2025 година (наш бр. 08 - 1091/1 од 31.12.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 46-та седницата одржана на 26.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 1091/6 од 28.05.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 28.05.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков